# ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

X 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на лично досие | 7451 | 1007451 | 8 |
| Основен орган | OVR- Prilep | 22 | 10 |
| Датум на пополнувањето на прашалникот | 20.XI.1967 | | |

| | | презиме | татково име | име | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | [redacted] | [redacted] | [redacted] | 11-40 |
| 2 | Датум на раѓање | [redacted] god. | | | 45 42 |
| 3 | Место на раѓањето и општина | Prilep SRM | | | 21070 47 |
| 4 | Народност | Makedonec | | | 07 49 |
| 5 | Државјанство | SFRJ | | | 01 51 |
| 6 | Стално место на живеење-живеалиште | ~~Prilep, ul.~~ [redacted] ~~er.~~ 3 [redacted] | | | 09033 ~~31870~~ 56 |
| 7 | Занимање | ~~Student -referent~~ [redacted] | | | 294 ~~338~~ 59 |
| 8 | Однос со органи за ВР | Nemal vrski so OVR | | | 0 60 |
| 9 | КАТЕГОРИЈА – Прва | Učesnik vo mladonacionalistička grupa "RAMPOVCI" | | | 48 62 |
| | КАТЕГОРИЈА – Втора | | | | 00 64 |
| | КАТЕГОРИЈА – Трета | | | | 00 66 |
| 10 | Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени | Pritvoren 1963 | | | 2 67 |
| 11 | Колку пати е осудуван | Ne e suden | | | 9 68 |
| 12 | Висина на казната-осудата | | | | 00 70 |
| 13 | Кога е формирано досието | 1963 god. | | | 63 72 |

14 Кратка содржина на досието:

Vo 1962 god. mu prišol [redacted], mlad nacionalista od grupata "RAMPOVCI" od Prilep. Vo soslušanjeto negira da toj ima bilo što so nacionalistička grupa. Od pritvor e osloboden bidejki nemalo dokazen materijal. Ostanuva interesen zatoa što e sklon da neprijatelski istapuva protiv SFRJ.

VS

1 3 74

| 15 | Што да се прави со досието | Da ostane vo operativen arhiv |
|---|---|---|

1 75

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО: [redacted]
(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ: [redacted]
(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО: [redacted]
(читок потпис)

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
II УПРАВА
ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК: ДОБРИ ВЕЛИЧКОВСКИ ОО "ТУТУНАР"
ИЗВОР: ЈАДРАНКА КОСТОВА
Ев.бр.103
03.03.1993 година

С К О П Ј Е

IV

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**

На 03.03.1993 година Костова, самоиницијативно, информира дека на 02.03.1993 година во МТВ - во редакцијата за "Без наслов но со повод" дошол [redacted] ( кој беше споменат во оваа емисија на 26.02.1993 година ) со намера да протестира но и да му се овозможи и тој да зборува за својата пробугарска ориентација. Заедно со него дошол и [redacted], организатор на емисијата "Неделно попладне" на вториот канал на МТВ. Во текот на разговорот [redacted]ја застапувал тезата за бугарскиот карактер на Македонија, ги величел Ванчо Михајлов и Тодор Александров, а во сето ова имал подршка од [redacted] Во еден момент, кога станало збор за календарчињата со ликовите на Ванчо Михајлов и Тодор Александров, [redacted] извадил од својот џеб поголема количина вакви календарчиња, при тоа кажувајќи дека не само во МТВ туку и низ градот поделил вакви календарчиња.

Изненадена од ваквото однесување на [redacted] Костова го запрашала: "Добро, [redacted] што си ти, Бугарин или Македонец". На ова [redacted] одговорил дека нема Македонци и дека тој одамна се чувствува Бугарин, додавајќи: "Во 1980 година кога умре Тито, моите родители плачеа по него, а јас се радував и славев. Тоа што моите родители се кажуваат Македонци е нивни проблем".

Имајќи ги во вид досегашните сознанија за пробугарската ориентација на [redacted] овој истап само ја потврдува неговата активност, што налага засилен оперативен третман и по можност документирање на истата.

**ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК**

[redacted]

# РЕПРОДУКЦИЈА НА РАЗГОВОР ОБАВЕН НА 30.01.'96ГОД

А -
Б - " ТУТУНАР "

Б - Да не се јави пак сабајле министерот?
А - Не се јави, можеби после, сега е уште рано. А ти одма прашуваш за министерот пак да не се јавуваше.
Б - Не, сношти ми се јави Ѓорѓи.
А - Кој Ѓорѓи?
Б - Лебамов. Незнам што, сабајле јас му се јавував.
А - Што му кажа?
Б - Незнам што се случило, не ми е јасно, бидејќи со тие луѓе со кои контактирав пред да се сретнеме не сум се јавил, не сум контактирал, така да незнам што се случило. Меѓутоа, изгледа дека сепак министерот бил во право.
А - Зошто во право, бил информиран?
Б - Бил точно информиран за политичките штети што ќе настанат и сега ќе се перкинат брзо врските со мене и ќе си оди по други канали работата најверојатно, бидејќи сум несигурен после после апсењето. Мислам после приведувањето во нивните очи или викањето на разговор, во нивните очи тоа е апсење.
А - Во чии очи?
Б - Па во очите и на МПО и на СМД и на сите други.
А - А кои му кажал на СМД и на МПО дека си приведен?
Б - Се знае кој им кажал. На МПО јас сум му кажал и више знаеа, бидејќи мене ме викаат и јас одма им кажувам дека сум повикан на разговор да знаете. Треба да се знаат ти работи.
А - Ти не си имал потреба да ги информираш нив.
Б - Да, ама јас одам во Америка, мојата глава е во прашање.
А - Ти пак ќе одиш во Америка, а тие нема да знаат дека ти си...
Б - Неможе да незнаат, мора да разберат, нема таа работа, незнаење нема, сите се знаат. Инаку, вие двајца, дали други двајца, поканети сте во Америка кога сакате да одите, од денес до 25-ти август. Значи не сте поканети на конвенцијата, ќе ви кажам зошто. Ќе

имате достап до сите документи со кои ќе проценат дека има, ќе имате разговор со сите луѓе.Јас останувам овде и јас ќе гарантирам за вас дека е во ред.Ќе појдете таму со точни имиња и презимиња и ранг во службата. Не место, не позиција, ниво. Министерот е без ниво, директорот е прв, вие сте втор, трет, кој и да е. Поканата важи од денес до 25-ти август. Јас сите работи ќе можам да ви ги средам до наредниот конгрес, до 2-ри септември. Од 2-ри септември натаму веројатно работите ќе се развиваат по други линии, по други патишта. Тие и сега ќе почнуваат да сѐ развиваат веројатно.

А - На која страна?

Б - Со други луѓе ќе се работи највероjатно. Имате поздрав од Лебамов, рече дека слободно можете да го земете факсот, само да ми оставите потврда дека е земен, за да не испадне дека сум го продал, за да се отчитам јас пред себе.

А - Зошто да го земеме ние факсот? Тој тебе ти е даден, тебе ти треба за комуникација.

Б - Дека ти не си му платил мислам царина. Сега се измешаа сите работи.Сепак [redacted] бил во право. Јас иако со заебанција се однесувам, јас човекот да ви кажам лично не го познавам. Ако мислите дека јас сум во некаква комуникација со министерот, многу се лажете.

А - Можеби си немал лично, но преку некој сигурно.

Б - Да, да. Инаку, јас човекот дури го избегавам. Сме се сретнувале, приеми, банкети во Собрание, само јас го избегавам.

А - А се познавате мислам лично, или?

Б - Физички да ме види, ме знае. По име и презиме ме знае сигурно кој сум.

А - Се имате запознаено порано мислам, или?

Б - Па се имаме сретнувано. Сега како министер не.Да речеме на А1 телевизија на прославата јас не бев. Џабе пиење(?) пропуштив, поради министерот [redacted] беше и јас не отидов.

А - Кога тоа?

Б - Сега, некни.

А - Кога беше годишнината?

Б - Да, годишнината и не отидов.

А - Не отиде затоа што беше министерот таму?

Б - Да, и поради [redacted] и поради другите. Не ми е мене таму местото.

А - На сите таму им е местото. Секој ќе си го најде своето место, ако не на тој стол, на другиот стол, на друга маса.Ваљда не биле таму само...

Б - Изгледа дека така, само естабилишменот беше ми се чини мене. Макар да прославата била танка, слушам немало многу.

А - Новинари, уредници, колеги од другите телевизии. Сигурно имало некои и од твојата бранша.

Б - Имало. Ме знае, мислам министерот ме знае по име и презиме, мислам дека и физички сме се запознале. Мислам не запозна Јадранка физички. Јас и пред тоа го знаев.Од тогаш таа не запозна, таа рече :" овој е тој "Тутунар". Тој се распрашувал веднаш чим стапи на должноста министер. Се сеќавате како беше таа работа, го избраа за министер и наредниот петок тој во " Без наслов, но со повод" даде...

А - Интервју.

Б - Ех. Тогаш не запозна Јадранка.

А - Јадранка Костова?

Б - Да.

А - Каде е сега таа, не сум ја видел?

Б - Во "Без наслов" е, се дружи со вашиот директор се дружи.

А - Не, дека едно време нели не беше таму.

Б - Слушам дека биле во Рим заедно, кај Вида. Преговарале за некакви интервју со Вида со Македонската телевизија, преговарале за книгите за Иван Михалов, преговарале за материјали.

А - Незнам. Мислам искрено да ти кажам незнам.

Б - Да де, верувам, верувам дека незнаеш. На 24-ти јануари се одиграла таа работа, на Свети Ќирил прославата.

А - Чекај сега, оваа година?

Б - Сега.

А - 24-ти?

Б - Сега.

А - 24-ти беше сега скоро, не, не верувам дека биле.

Б - Јас имам таква информација. Не од Вида, од надвор.

А - Дека Јадранка била таму со директорот?

Б - Со [redacted]

А - Можда, можда, бидејки вие имате такви информации, ние што со него работиме немаме такви информации.

Б - Па добро, човекот не кажува се. Тој е повратник, знаеш како е сега " кога је змија ујела и гуштера се боји".

А - Добро тоа, меѓутоа тој си има друга работа, може сигурно да работи, да не кажува кај оди, што оди.

Б - Да де, да, сигурно, само...

А - Сега сме 30-ти, значи 24-ти тоа е пред една недела.

Б - Чекај те, чекај те, 24-ти мај.

А - Јануар ми рече.

Б - Не, не, мај. 24-ти мај е Св. Ќирил.

А - Па лани значи?

Б - Да, лани.Не, не мај 24-ти. Во црквата Сан Клементо се сретнале, разговарале.

А - Не беше тој кај нас дојден уште.

Б - Беше во мај дојден.

А - Не беше во мај.

Б - Таму се виделе, разговарале.

А - Можда, преку "Палер" таму кога одел. Добро, а што ти вика [redacted] поради што да неможе на конвенцијата.

Б - Конвенцијата е нешто сосема друго. На конвенцијата ако се постигне согласност да дојде политичко лице од Македонија, што сега полека се сомневам дека може да биде, тогаш ќе можете и вие да даојдете.

А - Зошто? Може да дојде.

Б - Нема да сакаат политичарите, имам таков впечаток дека ќе се искомплицираат работите.

А - Па ваљда се оди нели на подобрување на тие работи.

Б - Нема, сега ќе ја земе некој друг работата и ќе ја оплеска. Досега јас ја водев, сега некој ќе ја земе и ќе ја згреши. Претпоставувам , може да биде и повешт, подобро да ја води играта некој друг.

А - На кого мислиш дека ќе ти ја земе улогата твоја?

Б - Ќе се најде некој. Секогаш има резервни.

А - Добро, има резервни, меѓутоа зошто пак да ти ја земат тебе улогата, заради ова што си ти...

Б - Човек што е викан, приведуван, повторно досие отворено и тие знаат колку пати сум бил, кај сум бил, кога сум бил сослушуван, кој ме сослушувал, као изгледало моето сослушување, работите се од прилика јасни. Така да сум им непоуздан, тоа е најнормална работа.

А - Ама ти самиот кажа дека не ти е прв пат што си викан, така?

Б - Не ми е прв пат.

А - Ако тие знаеле дека порано си викан, немало да те ...

Б - Расчистена е таа работа, не е битно ќе видиме како ќе се развиваат состојбите. Е, Караканчето ќе биде одушевен.

А - Му кажа ли нему?

Б - Знае тој.

А - Како викаш знае?